**20151043220**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за семејството,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јуни 2015 година.

Број 08-2667/1
22 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**,с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Член 1

Во Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14 и 115/14), по членот 141 се додава нов член 141-а, кој гласи:

„Член 141-а

Центарот за социјална работа сите исправи кои содржат правен основ врз основа на кои се врши запишување во катастарот на недвижности за лицата за кои центарот врши непосредно старателство, заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок, ги доставуваат по електронски пат до Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.